**<u>Одговор на Прашања поврзани со процена на капацитетите согласно Законот за јавните претпријатија</u>**

1. Постојните членови на управен и надзорен одбор се именувани согласно Законот за јавни претпријатија кој што бил во важност во моментот на нивното именување. Согласно член 17 од Законот за јавните претпријатија(“Службен весник на Република Македонија”бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16 и 64/18), во Управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на јавното претпријатие имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.
   Согласно член 17-а од Законот за јавните препријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 89/2022 и 274/2022) за избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на генералниот секретар, Владата на Република Северна Македонија распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претријатие за кое е распишан јавниот повик. **<u>Основач на Јавното претпријатие за државни патишта е Владата на Република Северна Македонија.</u>**
2. Управниот одбор на ЈПДП во моментот има 4 члена
3. Основачот на Јавното претпријатие за државни патишта именува членови на Управен одбор
4. http://www.roads.org.mk/307/organi-na-upravuvanje
5. Основачот на Јавното претпријатие за државни патишта нема постапено согласно членот 40 од ЗЈП
6. Објавени се Кварталните Извештаи од финансиското работење на претпријатието година на веб страната на ЈПДП. Линк-http://www.roads.org.mk/530/kvartalni-finansiski-izveshtai
7. ЈПДП на веб страната ги објавува податоците и информациите предвидени од член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер -Линк од веб страна http://www.roads.org.mk/482/informacii-od-javen-karakter
8. ЈПДП годишно подготвува Годишен план за проценка на ризици на корупцијата на Јавното претпријатие за државни патишта - Линк

http://www.roads.org.mk/UserFiles/files/AktiNaPretpr/2023/PlanProcenaRizici2023.pdf

9. Вработените во ЈПДП при вработувањето потпишуваат Изјава за интереси, согласно Законот за спречување судир на интереси
10. Примањето на подароци е регулирано со Кодексот за административни службеници кој е објавен на веб страната. Линк - http://www.roads.org.mk/472/kodeks
11. Претставници на основачот се членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор.
12. Комуникацијата помеѓу основачот и ЈПДП е преку Информации до Влада и Заклучоци од Влада на Република Северна Македонија.

**Во врска со барањето за достава на документи во прилог Ви доставуваме:**

1. Статут на ЈПДП (Пречистен текст)- објавен на веб страната на ЈПДП. Линк- http://www.roads.org.mk/352
2. Актот за употреба на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие го имате во прилог на одговорот.
3. Годишните извештаи на ЈПДП Ви се достапни на следниов линк http://www.roads.org.mk/503/godishni-izveshtai-za-rabotenjeto-na-javnoto-pretprijatie-za-drzavni-patishta
4. Прогамите на ЈПДП се достапни на следниот линк http://www.roads.org.mk/311/godishna-programa

Одговори на прашања за ИСИЕ Институт за укажувачи

1. Во Јавното претпријатие има назначено овластено лице за прием на пријави со Одлука за назначување овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување, донесена од Директорот на ЈПДП со бр.02-8771/2 од 13.8.2019 година.

2. Врз основа на член 27 од Статутот на ЈПДП, член 2 став 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, Директорот на ЈПДП донесе Упатство за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на

податоци од пријави и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите бр.02-8771/1 од 12.8.2019 година.

3. Овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување е лице со завршен VII степен Правни науки.

4. Овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување има 36.8 години работно искуство, а во ЈПДП 10,6 години работно искуство.

5. Овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување е распоредена на работно место Раководител на Одделението за организирање и поддршка на работата на директорот.

6. Лицето има посетено една организирана обука од Институт за стандардизација на РСМ, воедно ЈПДП добила само една Пријава за дводневна онлајн обука на тема: МКС ISO 37301:2021 – Системи за менаџмент со усогласеност – Барања со упатство за употреба и МКС ISO 37002:2021 – Системи за менаџмент на укажувачи – Уптства

7. Обуката што ја има посетено овластеното лице е финансирана од ЈПДП.

8. На овластеното лице за постапување по пријави од укажувачи достапни му се:

- Компјутер обезбеден со единствено корисничко име и лозинка која му е позната само нему, со интернет конекција и посебно електронско сандаче за електорнска пошта обезбедено со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластено лице и позната само нему.

- посебен деловодник

- ормар за чување на примените пријави

9. На овластеното лице за постапување по пријави од укажувачи не е предвиден надоместок надвор од плата.

10. Во наведениот период нема ниту една пријава. Во второто полугодие од 2019 година е поднесена една пријава од укажувач и по истата е постапено.

11. Пријавувачот е известен за постапувањето по пријавата согласно со законскиот рок и истиот беше задоволен од постапувањето по пријавата. Пријавата беше упатена за вработена за која е поведена дисциплинска постапка.

12. Нема ниту една пријава за проследување до други надлежни институции.

13. Нема ниту една пријава за проследување до други надлежни институции.

14. Нема.

15. ЈПДП доставува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до Државна комисија за спречување на корупција согласно со Законот за заштита на укажувачи.

16. Не.

17. Не.

18. Не.

19. ЈПДП на својата официјална ВЕБ има објавено лице за постапување по пријави од укажувачи. http://www.roads.org.mk/287/kontakt